Ovo je pregled DELA TEKSTA rada na temu "Eskonten kredit (makedonski)". Rad ima 13 strana. Ovde je prikazano oko 500 reči izdvojenih iz rada.

Napomena: Rad koji dobjate na e-mail ne izgleda ovako, ovo je samo DEO TEKSTA izvučen iz rada, da bi se video stil pisanja. Radovi koje dobijate na e-mail su uređeni (formatirani) po svim standardima. U tekstu ispod su namerno izostavljeni pojedini segmenti.

Ako tekst koji se nalazi ispod nije čitljiv (sadrži kukice, znakove pitanja ili nečitljive karaktere), molimo Vas, prijavite to ovde.

Uputstvo o načinu preuzimanja rada možete pročitati ovde.

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

Семинарска работа по предметот __________ на тема:

ЕСКОНТЕН КРЕДИТ

ментор: изработила:

Штип, 2010.

СОДРЖИНА

ПОИМ И ФУНКЦИЈА НА КРЕДИТОТ................................................3

ПОДЕЛБА НА КРЕДИТИТЕ СПОРЕД РОЧНОСТА..........................5

КРАТКОРОЧНИ БАНКАРСКИ КРЕДИТИ..........................................5

ЕСКОНТЕН КРЕДИТ.................................................................................6

Есконтирање на меници.......................................................7

Реесконтирање на меницитe.............................................11

ДИСКОНТНАСТАПКА.........................................................................11 EMBED Equation.3

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА..............................................................13

ПОИМ И ФУНКЦИЈА НА КРЕДИТОТ

Кредитот е еден од најзначајните туѓи извори на финансиски средства преку кој заедно со самофинансирањето се обезбедува најголемиот дел од средствата за финансирање на организацијата.

Кредитот (или кредитниот однос) е должничко – доверителски однос според кој едно лице – кредиторот – му отстапува на друго лице – корисникот на кредитот – определена реална вредност (во форма на стока или пари) за користење на определено време, под определени услуви, со обврска примената вредност да му биде вратена. Кредитниот однос меѓу кредиторот и корисникот на кредитот се засновува врз довербата на кредиторот во должникот кој произлегува од нивното меѓусебно познавање или од познавањето на определени факти што се од значење за таа доверба. Многу често довербата се засновува врз некоја реална вредност што кредитираниот ќе ја заложи кај кредиторот за обезбедување на враќањето на позејмените средства.

Од наведената дефиниција произлегува дека за кредитот или кредитниот однос се битни, важни три елементи и тоа следните:

отстапување на определена вредност на користење,

довербата на кредиторот во кредитираниот,

обврска на кредитираниот применатa вредност да ја врати во утврден рок.

Кредитниот однос меѓу кредиторот и корисникот на кредит е доброволен однос и се засновува со заемна спогодба, најчесто во писмена форма – договор за кредит.

Во современето општество кредиот има големо значење, пред се, поради неговата корисна функција во развојот на стопанските организации и стопанството воопшто.

Современото општество преку кредитот создава услуви слободните парични средства што се наоѓаат кај одделните субјекти да се мобилизираат, да се приберат и да им се стават на располагање на оние на кои во односниот период им се потребни. Во замена за дадените пари односните субјекти се здобиваат со побарувања кои подоцна, повторно ќе ги остварат во пари, а за услугата што ја чинат на други со позајмувањето на парите, остваруваат определен надоместок – камата, што не би го добиле доколку паричните средства ги чувале неискористени кај себе. Од друга страна, со користењето на средствата корисникот на кредитот остварува определени стопански цели, што има позитивно влијание врз вкупниот стопански развој на земјата.

Кредитот, освен тоа овозможува да се одржува нормален тек на стопанските процеси. Поради променливиот обем на потребните средства, на организациите им се заканува опасност да прекинат работењето во оние периоди кога нараснатата потреба за средства не се во состојба да ја покријат со средства од сопствени извори. При постоењето на кредитот ваквата опасност лесно може да се надмине со ангажирање средства од туѓи извори – во форма на кредит.

...

**-----------------------OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU.-------------------------------------**

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:

maturskiradovi.net@gmail.com